Врз основа на Член 7 од Одлуката на Советот на Општина Куманово за утврдување на право на користење и на критериуми за доделување на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура бр.07 - 7507/16 од 15.07.2010 („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/2010), Член 66 став 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03 и бр. 13/07), Советот на Општината Куманово, на седницата одржана на 15 јули 2010 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за остварување на ова право

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за остварување на ова право.

### Член 2

Барањето за остварување на правото на еднократна парична помош и помош во натура се доставува до Градоначалникот на Општина Куманово, преку Архивата на Општина Куманово.

Разгледувањето на барањата од одредбата на став 1 на овој член, нивната обработка како и постапувањето по истите, го врши 5-члена Комисија за еднократна парична помош и помош во натура, формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово.

Врз основа на приложената документација, пропишана со овој Правилник, Записникот од извршениот увид за утврдување на постоење на социјалниот ризик, како и врз основа на својот наод и мислење и/или извршена проценка на штета, Комисијата доставува до Градоначалникот Предлог - Решение за доделување на средства во вид на еднократна парична помош или помош во натура.

### Член 3

Подносителот на барањето за доделување на еднократна парична помош или помош во натура, заради добивање на помошта, за себе и за членовите на семејството приложува:

1. Фотокопија на важечка лична карта (или на извод од матична книга на родени доколку се работи за малолетни лица);
2. Фотокопија на извод од матична книга на венчани, доколку има склучено брачна заедница;
3. Фотокопија на извод од матична книга на умрените, за починат член на семејството (доколку барањето се однесува за состојба на социјален ризик поради смрт);
4. Потврда за примена плата во последните три месеци пред поднесување на барањето (или чек од последна пензија);
5. Потврда од Агенција за вработување на Р Македонија, за невработени членови во семејството (додолку се работи за состојба од социајел ризик поради невработеност) и
6. Доказ од Управа за јавни приходи, на пријавени или остварени приходи (лични и за членовите на потесното семејство), за претходната година.

Комисијата е должна, од подносителот на барањето да побара на увид во текот на постапката, оригинали за сите приложени фотокопии.

Недостатокот на некој од горе наведените документи, го исклучува барањето од можност за негова понатамошна обработка.

## Член 4

Положба на социјален ризик од одредбите на Член 2 на Одлуката на Советот на Општина Куманово за утврдување на право на користење и на критериуми за доделување на средства во вид на еднократна парична помош и помпш во натура, се утврдува врз основа на следниве документи:

1. Записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес);
2. Медицинска документација за подолготрајно лекување во странство и потреба од медицинска интервенција за член на семејството(конзилијарно мислење од соодветна Клиника за потребата од лекување во странство и решение од Фондот за здравствено осигурување за утврдена партиципација);
3. Медицинска документација за подолго лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа);

4. Решение од надлежен центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој;
5. Потврда од Центарот за социјална работа дека лицето е евидентирано под некоја од следниве категории на лица : инвалиди, деца без родители и без родителска грижа, деца со пречки во телесниот и менталниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата кои злоупотребуваат дроги и алкохол, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа и лица со друг вид на социјална исклученост.

Горенаведените документи ќе послужат за утврдување на приоритет при доделување на финансиски средства и недостатокот на некој од нив не го исклучува барателот на социјална помош од постапката.

Лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик кое не остава трајни последици, доставува соодветни докази кои и се потребни на Комисијата за спроведување на постапката.

Комисијата ќе постапува по утврдената Методологија за бодирање, донесена од страна на Градоначалникот, по претходно изготвена Предлог – Методологија, од страна на општинската администрација..

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово„.

Бр.07 - 7507/17
15 јули 2010 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател
Виктор Цветковски

До
**Општина Куманово**
**Одделение за социјална заштита,**
**заштита на децата и здравствена заштита**

Врз основа на Одлука на Совет на Општина Куманово бр.07-7507/16 од 15.07.2010 – за утврдување на право на користење и на критериуми за доделување на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура и Правилник за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура и потребната документација за остварување на ова право бр. 07-7507/17 од 15.07.2010 („Службен гласник на Општина Куманово"бр.13/2010), поднесувам

# БАРАЊЕ

**за доделување на средства во вид на еднократна парична помош и помош во натура**

**БАРАТЕЛ:**

Име и презиме ____________________________________________

Адреса и место на живеење ____________________________________

ЕМБГ ____________________________________________

ЛК бр. ________________ издадена од ____________________________

Трансакциска сметка ____________________ што се води при ______________ банка

Телефон: ____________________________________________

**ОСНОВ** врз кој се поднесува барањето:

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

**СТАТУС НА БАРАТЕЛОТ**:

1. Вработен;
2. Невработен;
3. Примател на социјална парична помош;
4. Примател на постојана парична помош;
5. Друго ____________________________________________

**ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО** (име, презиме и сродност):

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

**ПРИЛОЖЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

1. Фотокопија од важечка лична карта;
2. Фотокопија од извод од матична книга на родени (за малолетни лица);
3. Фотокопија од извод на матична книга на венчани (доколку барателот има склучено брак);
4. Потврда од примена плата во последните три месеци пред поднесување на барањето (или чек од последна пензија);
5. Потврда од АВРМ за невработени членови во семејството (доколку се работи за состојба од социјален ризик поради невработеност);
6. Доказ од Управа за јавни приходи, на пријавени или остварени приходи (лични и на членовите на потесното семејство), за претходната година;
7. Фотокопија од трансанциска сметка и банка или препишан број на трансакциска сметка и назив на банка.

---

КАКО И ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПРИЧИНАТА ЗА БАРАЊЕТО:

1. Записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес), или
2. Медицинска документација за подолготрајно лекување во странство и потреба од медицинска интервенција за член на семејството (конзилијарно мислење од соодветна Клиника за потребата од лекување во странство и решение од Фондот за здравствено осигурување за утврдена партиципација), или
3. Медицинска документација за подолго лекување во здравствена установа (од матичен лекар, специјалист или отпусна листа), или
4. Решение од надлежен центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој, или
5. Потврда од Центарот за социјална работа дека лицето е евидентирано под некоја од следниве категории на лица: инвалиди, деца без родители и без родителска грижа, деца со пречки во телесниот и менталниот развој, деца на улица, деца со воспитно-социјални проблеми, деца од еднородителски семејство, лица кои злоупотребуваат дроги и алкохол, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе, стари лица без семејна грижа о лица со друг вид на социјална исклученост.

**Датум на поднесување:** ________________

**Потпис на барателот:** ___________________

***Оваа страна од барањето ја пополнуваат службените лица од Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита***

☐ **за усвојување**

☐ **за одбивање**

**Образложение:**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Податоци за одговорно службено лице кое врши увид/контрола:**

**Име и презиме** ______________________________________________

**Звање** ______________________________________________

**Контролирал на** ______________________________________________

**С воерачен потпис** ______________________________________________

**Раководно лице:**

**Име и презиме** ______________________________________________

**Одобрил**

**Не одобрил**

**Образложение/ Упатство**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Членови на Комисија за доделување на еднократна парична помош и помош во натура:**

1. ______________________________________________
2. ______________________________________________
3. ______________________________________________
4. ______________________________________________
5. ______________________________________________